# ПЕРЦЕПЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО НАЧИН ЗА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА РЕЈТИНГ
Скопје, 2021

# Содржина


**1. ВОВЕД И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** .......... 2

**1.1 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** .......... 3

**2. ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА: РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА ПО ТЕМИ** .......... 3

1. Вклученост во судска постапка .......... 5
2. Информираност за медијација .......... 9
3. Карактеристики на медијација .......... 12
4. Искуство со медијација .......... 15
5. Мислење за одредени законски решенија врзани за медијацијата .......... 19
6. Препораки за медијација .......... 22

**3. ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРИВАТЕН СЕКТОР: РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА ПО ТЕМИ** .......... 24

1.Вклученост во судска постапка .......... 25

2. Информираност за медијација .......... 28

3. Карактеристики на медијација .......... 31

4. Искуство со медијација .......... 33

5. Мислење за одредени законски решенија врзани за медијација .......... 37

5. Препораки за медијација .......... 41

# 1. ВОВЕД И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Медијацијата претставува постапка на мирно вонсудско решавање на спор во која страните доброволно се обидуваат да го решат конфликтот преку преговори со помош на еден или повеќе медијатори кои како трета неутрална и непристрасна личност помагаат во преговорите насочени кон постигнување заемно прифатлив компромис за решавање на конфликт или спор. Споредено со судските постапки, медијацијата се смета за пофлексибилна, побрза и поевтина постапка. Имајќи предвид дека употребата на медијацијата во современите општества е флексибилна, таа помага во решавањето на проблемите и се користи како алтернатива на судската постапка. Тргнувајќи од потребата да се активира личното учество на страните во постапката, повеќето законодавства ја прифаќаат медијацијата како современ начин на задоволување на правдата. Прифаќањето на медијацијата од современите општества ја зголемува свеста за важната и одговорна улога на индивидуите во општеството во однос на превенирањето и третирањето на криминалот.

**Цели на истражувањето**

Главна цел на истражувањето е да го истражи мислењето и перцепцијата на вработените во приватниот сектор и јавната администрација за медијацијата во Република Северна Македонија и со добиените резултати да допринесе кон утврдување на фактичката состојба за ова прашање, како и да понуди преглед на аспектите кои е потребно да бидат унапредени институционално и/или законски. Истражувањето исто така има за цел да ги испита ставовите на вработените во приватниот сектор и јавната администрација за актуелните состојби со медијацијата во државата. Анализата на податоци ќе обезбеди увид за степенот на информираност за медијација на вработените во јавните институции и приватниот сектор, понатаму, какво е нивното искуство, мислење и подготвеност за промовирање на медијацијата како постапка за решавање на спор и други релевантни прашања. Прашалниците се составени од затворен тип на прашања, а истите овозможија да добиеме релевантни податоци и информации.

<u>Истражувањето ги опфаќа следниве теми:</u>

1. Општи податоци за испитаниците и карактеристики на правно лице
2. Вклученост во судска постапка
3. Информираност за медијација
4. Карактеризација на медијацијата
5. Искуство со медијација
6. Мислење за одредени законски решенија врзани за медијацијата
7. Препораки за медијацијата

Анализата на добиените резултати има за цел да послужи како основа за понатамошно планирање и развивање на стратегија за промовирање на медијацијата како постапка за алтернативно решавање на спорови.

## 1.1 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За спроведување на истражувањето беше употребена квантитативна истражувачка методологија. За постигнување на целите на истражувањето, од страна на експерти ангажирани од страна на ЕПИ и во соработка со Агенција Рејтинг, беа изготвени два прашалници. За јавна администрација прашалникот е составен од 37 прашања, а за приватен сектор од 35 прашања, од отворен и од затворен тип. Прашалниците се состојат од специфични тврдења за мерење на перцепција за медијација, и се приспособени за вработените во јавна администрација и приватниот сектор. Исто така прашалникот содржи и варијабли за општи карактеристики на јавен и приватен сектор. За да се обезбеди соодветна застапеност и репрезентативност на примерокот беа опфатени 218 вработени во јавна администрација и 150 вработени во приватен сектор. За да се провери логичноста и јасноста на прашањата, прашалникот беше тестиран со пилот истражување на 10% од вкупните примероци по кое следуваа дополнителни корекции од техничка природа.

За истражувањето беше употребена CATI истражувачка техника – телефонска анкета со помош на компјутер, на онлајн преку платформата Survey Monkey, која што е специјализирана за овој вид на истражувања. Со помош на софтверска програма SPSS (IBM SPSS Statistics Program) податоците беа обработени со метод на дескриптивна статистика.

Составен дел од овој извештај се и база на податоци во SPSS I Microsoft Excel, статистички книги со релевантни вкрстувања предадени во Microsoft Excel формат и PowerPoint презентација. Истражувањето се спроведуваше во месеците Мај и Јуни 2021 година, а просечно времетраење на интервјуто е 15 минути.

## 2. ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА: РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА ПО ТЕМИ

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – Карактеристики

Првоиот дел од прашалникот, покрај определување на карактеристиките на институциите со кои се обезбедува репрезентативност, е насочен кон испитување на вклученост на јавни институции во судска постапка. Вториот дел од прашалникот ја мери информираноста на испитаниците за медијација. Овој дел е од исклучително значење за истражувањето, бидејќи од овој сет добиваме информација за тоа колкав дел од испитаниците се запознаени со медијацијата, исто така во овој сет имаме прашање за елиминација/дисквалификација што значи дека анкетата ја продолжуваат само испитаниците кои се запознаени односно информирани за медијација како начин за решавање на спорови. Третиот дел од квантитативната анализа се занимава со перцепција за карактеристики на медијацијата. Четвртиот го мери искуството со медијација на јавните институции, во петтиот дел се мери мислење за одредени законски решенија врзани за медијација. Шестиот и последниот дел од квантитативна анализа се занимава со препораки и промовирање на медијација.

Општите резултатите од истражувањето се прикажани во проценти (%). На долниот дел од графиконите каде што е означено „можни се повеќе одговори“ процентот изнесува повеќе од 100. Онаму каде што е означено N=број, бројот означува колку испитаници (претставници на институции) се

квалификувале да го одговорат тоа прашање. Онаму каде што е статистички значајно ќе бидат истакнати и вкрстените податоци според: ниво на власт, вид на правен субјект или работна позиција.

Во Табела 1. подолу се прикажани карактеристиките на институциите што беа дел од ова истражување. Овие карактеристики истовремено претставуваат независни варијабли преку кои ќе ги согледуваме значајните статистички разлики во резултатите според одговорите на испитаниците. Според вид на правен субјект, во општините се спроведени 29,8% анкети, по нив следуваат органи со состав на министерства (16,1%), па министерства со 13,8% и јавни институции на државно ниво (11,9%), јавни претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост (11,0%). Најголем број од анкетите се спроведени со раководители на сектор (58,3%), а во помал број се застапени анкети на кои одговарале секретар на општина/секретар (9,6%), правник (7,8), државен јавен службеник (6,4%), директор/раководител и член на Управен/Извршен одбор (5,5%). Најмал број на анкетите се спроведени со раководители на одделение (3,2%), државен секретар и државен советник (1,8%). Според степен на образование, најголем процент на испитаниците се со високо образование (67,9%), потоа со постдипломски студии (23,9%), и 6,9% се со средно образование.

| *Табела 1.* | | % |
|---|---|---|
| **Ниво на власт** | Централна власт | 52,8% |
| | Локална власт | 47,2% |
| **Вид правен субјект** | Министерство | 13,8% |
| | Орган во состав на министерство | 16,1% |
| | Јавни претпријатија и Акционерски друштва во државна сопственост | 11,0% |
| | Јавни институции на државно ниво | 11,9% |
| | Општина | 29,8% |
| | Локални јавни претпријатија за комуналии и водостопанисување | 9,2% |
| | Јавни институции на локално ниво | 8,3% |
| **Работна позиција** | Директор /раководител | 5,5% |
| | Државен секретар | 1,8% |
| | Државен советник | 1,8% |
| | Раководител на сектор | 58,3% |
| | Државен јавен службеник | 6,4% |
| | Раководител на одделение | 3,2% |
| | Секретар на општина/секретар | 9,6% |
| | Член на управен/извршен одбор | 5,5% |
| | Правник | 7,8% |
| **Степен на образование на испитаникот** | Основно | 0,0% |
| | Средно | 6,9% |
| | Високо | 67,9% |
| | Магистер и повеќе | 23,9% |
| | Одбива да одговори | 1,4% |
| **Етничка припадност на испитаникот** | Ром/ка | 0,0% |
| | Македонец/ка | 71,1% |
| | Албанец/ка | 18,3% |
| | Србин/ка | 3,2% |

| | | |
|---|---|---|
| | Влав/инка | 0,0% |
| | Турчин/ка | 5,0% |
| | Друго | 2,3% |

## 1. Вклученост во судска постапка

Главната цел на првиот сет од прашалникот е да открие колкав процент од институциите биле вклучени во судска постапка за решавање на спорот, со каков вид на спор имале искуство и какви се нивните очекувања за започнување на судска постапка во иднина. Според анализата, може да се забележи дека повеќе од половина (57%) испитаниците одговориле дека институцијата во која што работат учествувала во судска постапка за решавање на спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години. Околу 34% од испитаниците одговориле дека не учествувале во судска постапка за решавање спор, а 9% од нив не се информирани.

Во однос на различни правни субјекти, забележуваме статистички значајни разлики во однос на одговорите на испитаници вработени во министерствата и јавни претпријатија на локално ниво за комуналии и водостопанисување. Имено, висок процент на испитаниците од овие два вида одговориле дека нивната институција учествувала во судска постапка, по нив следуваат општини и орган во состав на министерства, за разлика од јавни институции на локално ниво од кои само 11% од испитаните одговориле дека учествувале во судска постапка во последните 3 години.

*График 1. Дали Вашата институција, учествувала во судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години? N=218*




Според анализата може да се забележи дека јавната администрација во најголем дел од случаите учествувала во судска постапка за решавање на спор со приватно претпријатие од приватен сектор (83%), и со физичко лице надвор од институцијата (69%), а најмалку со јавно претпријатие од јавен сектор и до државен орган и/или институција.

*График 2. Дали Вашата институција учествувала во судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години? –учество според вид на спор N=124*




Според вид, работните спорови (51%), споровите од областа на образованието (44%), трговските (39% и имотноправните (38%) спорови се најчести во јавната администрација. Се забележува дека генерално најчести се споровите од областа на образованието, трговските и стопанските спорови. Споровите од областа на дискриминацијата се најмалку застапени според интензитет.

*Графикон 3. Наведете го степенот во кој вид спор учествувала Вашата институција во последните 3 години (можни се повеќе одговори) N=124*




На прашањето: *"Дали Вашата институција доби писмено укажување од судијата дека спорот може да го решавате по пат на медијација?"*, 60% од институциите одговориле дека кажале дека нивната

институција добила писмено укажување за решавање на спор по пат на медијација, додека 40% не добиле укажување.

*Графикон 4. Во последните 3 години при учество во судска постапка, дали Вашата институција доби писмено укажување од судијата дека спорот може да го решавате по пат на медијација? N=124*




Стручен правен совет за користење на медијација како постапка за решавање на спорот добиле 52% од институциите, додека 44% кажале дека не добиле. Од испитаниците кои одговориле дека добиле информација за стручен правен совет за употреба на медијација, во 100% од случаите кажале дека тоа било од адвокат, понатаму во 69% од случаите кажале дека од правник, додека 12% добиле од друго лице - односно од Влада на РСМ.

*Графикон 5. Дали Вашата институција добила стручен правен совет за користење на медијација како постапка за решавање на спорот наместо судската постапка? N=124*




Мислењето на 47% од испитаниците е дека недостатокот на мотивација е клучно зошто институцијата не добила стручен совет од страна на адвокат/ правник или некое друго лице. Само 18% од испитаниците сметаат дека е поради тоа што лицето немало сознание за медијација, а 16% кажале дека е поради тоа што лицето имало негативен став за медијација.

*Графикон 6. Според ваше мислење, зошто сметате дека не сте добиле стручен правен совет од страна на адвокат/правник во фирма или од некое друго лице? N=55*




Последното прашање од овој сет гласи: *„Со оглед на карактерот на работата и на односите во Вашата институција, дали очекувате во иднина, сметано од денеска да започнете судска постапка?”*. На ова прашање одговараат сите испитаници, а според направената анализа на резултати може да забележиме дека 49% од испитаниците одговориле дека е многу веројатно/веројатно нивната институција започне судска постапка, додека 42% од испитаниците одговориле дека малку е можно/невозможно нивната институција започне со судска постапка.

*Графикон 7. Со оглед на карактерот на работата и на односите во Вашата институција, дали очекувате во иднина, сметано од денеска да започнете судска постапка? N=218*



## 2. Информираност за медијација

Ова тема од истражувањето треба да покаже во која мера испитаниците се запознаени со медијацијата како начин на решавање на споровите. Понатаму, треба да обезбеди информации за начинот на кој испитаниците се информирани за медијацијата и степен на информираниот на испитаниците за работата на Комората на медијатори и активностите на Владата. Преку овој сет на прашање добиваме клучни информации кои се од примарно значење за цели на ова истражување. Имено со анализата на првото прашање од овој сет можеме да заклучиме дека половина од испитаниците, односно 22% се многу, а 19% значително информирани за медијација, додека 21% се малку информирани. Вкупно 39% од испитаниците не се воопшто информирани за медијација како начин на решавање на спорови. Ова е прашање за елиминација, што значи дека понатаму само ќе ги анализираме резултатите добиени од испитаници кои се многу, значително и малку информирани за медијацијата, а за испитаниците кои одговориле дека воопшто не се информирани за медијација анкетата завршува.

Во однос на вид на правен субјект може да се истакне дека испитаниците вработени во министерство (57%), и општина (37%) се најмногу информирани за медијацијата како начин за решавање на спорови во однос на другите правни субјекти. Исто така висок процент на информираност се забележува и кај испитаници вработени како државен секретар и државен советник. Од друга страна се истакнуваат испитаници вработени како државен јавен службеник и членови на управен/извршен одбор (75%) кои воопшто не се информирани за медијација во однос на други работни позиции.

*Графикон 8. Во колкав степен сте информиран за медијацијата како начин на решавање спорови? N=218*




На прашањето “*Од кој од наведените начини се информирате за медијација како постапка?*” 44% од испитаниците се изјасниле дека тие најчесто се информираат од вработените во државен органи и од адвокатите, правниците во самата институцијата (35%), како и од портали и социјални медиуми. Канали преку кои испитаниците најмалку се информираат за медијацијата како постапка се: од синдикат (67%), од вработени во правосудство (59%), и од веб страници на комората на медијатори и од медијатори (45%).

*Графикон 9. Од кој од наведените начини се информирате за медијација како постапка? N=133*




Следното прашање го мери степенот на информираност на работата на Комората на медијатори. Повеќе од половина испитаници одговориле дека се информирани за работата на Комората на медијатори (29% многу, 25% значително сум информиран), 21% од нив се малку информирани, додека 26% од испитаниците воопшто не се информирани за работата на ова тело.

*Графикон 10. Во колкав степен сте информиран за работата на Комората на медијатори? N=133*




Најголемиот дел од испитаниците се информирани за активностите на Владата за промоција на медијација, имено 6 од 10 испитаниците одговориле дека се информирани (28% многу сум информиран, 32% значително сум информиран), 14% се малку информирани, додека 26% воопшто не се информирани.

*Графикон 11. Во колкав степен сте информиран со активностите на Владата за промоција на медијацијата?*




*N=133*

Анализирајќи го следново прашање можеме да кажеме дека најголем дел од испитаниците (71%) се запознаени со Заклучокот на Владата од 2019 година за препорака судските спорови да се обидат да ги решат првенствено по пат на медијација.

*Графикон 12. Дали сте запознаени со Заклучокот донесен од Владата од 2019 со кој им се препорачува на државните органи, институции, јавни претпријатија во државна сопственост и ЕЛС пред да започнат постапка на суд да направат обид да ги решат споровите по пат на медијација? N=133*




Последното прашање од овој сет е поврзано со претходното прашање, при што го мери мислењето за степенот на мотивација и желба кај раководителите во јавниот сектор да го препорачуваат заклучокот на Влада за поголема примена на медијацијата. Мислењето на 44% од испитаниците е дека раководителот има желба да го препорачува заклучокот на Влада за поголема примена на медијацијата, за разлика од 51% од испитаниците кои сметаат дека желбата е мала или воопшто не постои.

*Графикон 13. Според Ваше мислење, колкава е желбата и мотивираноста кај раководителите во јавниот сектор да го препорачуваат заклучокот на Влада за поголема примена на медијацијата? N=133*




## 3. Карактеристики на медијација

Третиот дел беше креиран да ги истражи главните позитивни и негативни карактеристики како и мислењето за медијација. На прашањето: "*Кои се позитивни страни на медијацијата што и носат предност во однос на судската постапка?*", речиси повеќе од половина испитаниците (58%) кажале дека најважното кај медијацијата за разлика од судската постапка е тоа што е *флексибилна и неформална*, потоа е *доверлива и слободна постапка* (54%), и како трета најважна позитивна страна е *неутралната позиција на медијаторот*. Од друга страна голем дел од испитаниците (67%) сметаат дека медијацијата нема позитивни страни, додека мислење на 42% од нив е дека поважно е тоа што трошоците за медијација се помали во однос на судска постапка и дека медијацијата е правична одлука врз основа на интерес на страните. Како важна предност на медијација за 59% од испитаниците е тоа што се задоволни и двете страни со заедничко решение и тоа што страните заеднички го избираат медијаторот (38%).

*Графикон 14. Според Вас, кои се позитивни страни на медијацијата што и носат предност во однос на судската постапка? N=133*




Како негативни страни според мислењето на јавната администрација се истакнати: судирот меѓу страните ескалира премногу бидејќи не постојат строги правила во постапката (58%), тоа што не е доволно добро законски осмислена (53%) и тоа што страните немаат доверба во медијација- пристапуваат формално (51%).

*Графикон 15. Според Вас, кои се негативни страни на медијацијата? N=133*




Генерален став на испитаниците од јавната администрација е дека медијацијата е корисен механизам или вистинска постапка за решавање на спор - со ова се согласни високи 62% од испитаниците, 19% сметат дека медијацијата е добар обид на државата без значајни постигнувања досега, 8% сметат дека медијацијата е недоволно осмислен проект, додека само 9% од испитаниците сметаат дека медијација не може да биде модел за решавање спор.

*Графикон 16. Врз основа на Вашите претходно искажани оцени за медијацијата, кое од следниве мислења или*




*ставови преовладува? N=133*

## 4. Искуство со медијација

Следниот сет на прашања го испитува искуството на институциите со постапка на медијација. Овој дел на истражување ќе покаже со кој вид на спор институциите најмногу учествувале во постапката како и степенот на задоволство од самото искуство со медијацијата кое го имале. Половина од испитаниците од јавната администрација одговориле дека институцијата во која што работат учествувала во постапка на медијација за решавање на спор во последните три години. Околу 40% одговориле негативно, а 8% не се информирани по ова прашање.

*Графикон 17. Дали Вашата институција учествувала во постапка на медијација за решавање на спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години? N=133*




На следниот сет од прашања одговараат само испитаници кои на претходното прашање одговориле дека нивната институција учествувала во постапката на медијација. Па така со направена анализа која се однесува на вид на правен субјект со кое учествувале институциите во постапката на медијација во последните 3 години, најголем дел од постапките на медијација биле со приватно претпријатие од приватен сектор (77%), а втори по ранг се физички лица надвор од институцијата (54%). Помал процент се испитаници кои одговориле дека имале учество со физичко лице-вработен (75%), со јавно претпријатие (80%), и со државен орган или институција (83%).

*Графикон 18. Дали Вашата институција учествувала во постапка на медијација за решавање на спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години?- учество според вид на субјект N=70*




На прашањето: “*Колку правни субјекти и/или физички лица Ве контактирале за да започнете постапка на медијација за конкретен спор во последните 3 години?*”, 80% кажале дека од 1 до 10 правни субјекти или физички лица ги контактирале за да започнат со постапка на медијација, 6% кажале дека биле контактирани од 11 до 20, додека 10% се изјасниле дека ниту еден правни субјект/и или физичко лице не ги контактирало за да започнат постапка на медијација.

*Графикон 19. Колку правни субјекти и/или физички лица Ве контактирале за да започнете постапка на медијација за конкретен спор во последните 3 години? N=70*




Според видот на спор, најзастапени се: трговските спорови, семејните спорови и споровите од областа на образованието. Најмалку застапени според вид се спорови од област на дискриминација, кривични и потрошувачки.

*Графикон 20. Наведете го степен во кој вид спор во постапка на медијација учествувала Вашата институција во последните 3 години? N=70*




Јавната администрација генерално одлично го оценува искуството со медијација, вака одговориле високи 56% од испитаниците. Како многу добра ја оценуваат 10% од испитаниците, добра 6%, како задоволителна ја оцениле 20%, а само 4% ја оцениле како лоша.

*Графикон 21. Каква е оцената за постапката на медијацијата врз основа на искуството што го имала Вашата институција во последните 3 години? N=70*



На прашањето: *“Дали Вашата институција пред да започне судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице се обиде спорот првенствено да го реши со медијација?”*, високи 91% од испитаниците рекле дека нивната институција пред да започне со судска постапка, имала обид првично да го реши со постапка на медијација, додека само 4% кажале дека немале таков обид или не знаат. Испитаниците кои одговориле дека нивната институција немала обид да го решат спорот првично со постапка на медијацијата кажале дека главна причина е поради тоа што во тој период институцијата не била запознаена со постапката на медијација (67%), додека 33% од испитаниците не можат да проценат или не знаат.

*Графикон 22. Дали Вашата институција пред да започне судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице се обиде спорот првенствено да го реши со медијација? N=70*




Институциите кои првично се обиделе да го решат спорот преку постапка на медијација, во најголем дел постапката не завршила со потпишување на спогодба поради тоа *што страните во не биле подготвени за спогодба* (42%). Вкупно 13% од испитаниците кажале дека страните се откажале од медијацијата бидејќи оцениja дека постапката не е целисходна, додека според 6% институцијата добила насока за да започне судска постапка и медијаторот се откажал од медијација бидејќи оценил дека постапката не е целисходна.

*Графикон 23. Зошто постапката на медијација не заврши со потпишување спогодба? N=64*



Последното прашање од ова поглавје имаше за цел да испита дали институцијата учествувала во решавање спор со правен субјект или физичко лице во прекуграничен спор во последните 3 години. Речиси 3 од 10 испитаници одговориле дека учествувале во прекуграничен спор со јавно претпријатие - јавен сектор, 23% со приватно претпријатие-приватен сектор, 19% со физичко лице-вработен, додека 16% од испитаниците одговориле дека учествувале во прекуграничен спор со државен орган или институција и со физичко лице надвор од претпријатието.

*Графикон 24. Дали Вашата институција учествувала во решавање спор со правен субјект или физичко лице во прекуграничен спор во последните 3 години? N=70*




## 5. Мислење за одредени законски решенија врзани за медијацијата

Овој сет на прашања има за цел да го истражи мислењето на испитаниците за одредени законски решенија врзани за медијацијата. Па така, според анализата на резултатите може да се забележи дека високи 59% испитаниците одговориле дека институцијата во која работат при потпишување договори наведува одредба со која во случај на спор, спорот би се обиделе да го решат со медијација, додека 35% одговориле негативно, а 6% не се информирани.

*Графикон 25. Дали Вашата институција при потпишување договори наведува одредба со која во случај на спор спорот би се обиделе да го решат со медијација? N=133*



Најголем дел од испитаниците (65%) се запознаени со законското решение дека кога станува збор за стопански спор до еден милион денари, страните пред да поднесат тужба за судска постапка се должни да се обидат спорот да го решат со медијација, додека 29% не е запознаени со ова законско решение.

*Графикон 26. Дали Вашата институција е запознаено со законското решение дека кога станува збор за стопански спор до еден милион денари, страните пред да поднесат тужба за судска постапка се должни да се обидат спорот да го решат со медијација? N=133*




На прашањето: *"Дали Вашата институција во последните 3 години имало случај на задолжителен обид за медијација за стопански спор до еден милион денари?"*, речиси половина од испитаниците (47%) одговориле дека нивната институција во последните 3 години имало случај на задолжителен обид за медијација за стопански спор до еден милион денари, а 42% одговориле негативно.

*Графикон 27. Дали Вашата институција во последните 3 години имало случај на задолжителен обид за медијација за стопански спор до еден милион денари? N=133*




Најголем број од анкетираните институции рекле дека за работни спорови (71%) треба да постои законско решение за задолжителен обид за медијација пред поведување на судска постапка за работни спорови, 65% сметаат дека треба да постои законско решение за спорови од мала вредност ( до 600.000 денари).

*Графикон 28. Дали треба да постои законско решение за задолжителен обид за медијација пред поведување судска постапка за: N=133*




Генерално земено, претставниците на јавниот сектор имаат позитивно мислење за медијацијата. Речиси шест од десет испитаници рекле дека нивното лично искуство за начинот на примена на медијацијата е позитивно, 57% се согласуваат со ставот дека медијацијата е најдоброто решение што може значително да го намали бројот на предмети во судовите за кратко време. Но исто така повеќе од половина испитаниците (55%) сметат дека е потребна поголема промоција во јавноста за предностите на медијацијата. Неутрално е мислењето на испитаниците за ставот дека медијацијата кај нас ќе биде однапред неуспешен експеримент што ни го наметнуваат западните држави. Од друга страна испитаниците најмногу не се согласуваат со следниве ставови: медијацијата е лошо осмислена, не може да биде реализирана и затоа нема да покаже успех во решавање на споровите (56%), не сум убеден дека медијацијата е применлива во праксата кај нас (50%), не сум мотивиран да учествувам во медијации каде што сум вработен затоа што нема надомест (40%).

*Табела 2. Во која мера се согласувате со следниве ставови? N=133*

| | Се согласувам | Ниту се согласувам, ниту не се согласувам | Не се согласувам | Не знам/не е апликативно |
|---|---|---|---|---|
| Моето лично искуство за начинот на примена на медијацијата е позитивно | **63%** | 21% | 14% | 2% |
| Медијацијата е најдоброто решение што може значително да ги намали бројот на предмети во судовите за кратко време | **57%** | 28% | 13% | 2% |
| Потребна е поголема промоција во јавноста за предностите на медијацијата | **55%** | 23% | 21% | 2% |
| Верувам во добрите намери на комората на медијатори. Медијацијата да биде применлива | 50% | 29% | 20% | 2% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| во пракса во поголем обем во споредба од досегашниот период | | | | |
| Лично се ангажирам за медијацијата да успее и да биде многу повеќе присутна кај граѓаните | 46% | 32% | 20% | 2% |
| Потребни се промени во законите што ја регулираат медијацијата за да може да се развива и примени | 46% | 38% | 14% | 2% |
| Ако медијацијата успее во пракса, односно биде прифатена од мнозинството, лично би сакал да бидам медијатор | 42% | 39% | 18% | 1% |
| Сакам да бидам ангажиран во активности за промоција на медијацијата како волонтер | 41% | 33% | 24% | 2% |
| Во земјите од Западен Балкан сметам не функционира медијацијата, односно спогодување меѓу страните во спор, туку само судот може да донесе | 31% | 38% | 30% | 2% |
| Медијацијата кај нас ќе биде однапред неуспешен експеримент што ни го наметнуваат западните држави | 26% | **41%** | 32% | 2% |
| Не сум мотивиран да учествувам во медијации каде што сум вработен затоа што нема надомест | 23% | 36% | **40%** | 2% |
| Медијацијата е лошо осмислена, не може да биде реализирана и затоа нема да покаже успех во решавање на споровите | 19% | 23% | **56%** | 2% |
| Не сум убеден дека медијацијата е применлива во праксата кај нас | 16% | 34% | **50%** | |

## 6. Препораки за медијација

Последниот дел на прашалник содржи прашања за подготвеност и препораки на институциите за медијацијата. На прашањето: *"Дали сте подготвени во наредниот период, ако имате спор првенствено да го решавате со медијација?"* мнозинството испитаници (65%) одговориле дека се подготвени ако имаат спор првенствено да го решат со медијација. Исто толку испитаниците би препорачал медијацијата како начин на решавање спор на лица од нивната фела. Речиси три од десет испитаници не се подготвени првично да го решат спорот со медијација, а 23% не би ја препорачале медијацијата како начин на решавање спор на лица од нивната фела.

Високи 65% од испитаници одговориле дека би сакале во наредните 12 месеци да слушаат предавање за предностите на медијацијата во решавањето спор, додека 29% се изјасниле негативно по ова прашање.

Статистички значајни разлики се забележани кај јавни институции на локално ниво и испитаници вработени како државен јавен службеник кои одговориле дека не се подготвени во наредниот период, ако имаат спор првенствено да го решат со медијација. Следствено на ова прашање вработени со работна позиција државен јавен службеник не би сакале да слушаат предавање за предностите на медијација во решавањето спор.

*Табела 3.*

| *Дали сте подготвени во наредниот период, ако имате спор првенствено да го решавате со медијација? N=133* | |
|---|---|
| Да | 65% |
| Не | 34% |
| Не знам | 2% |
| *Дали би ја препорачале медијацијата како начин на решавање спор на лица од Вашата фела? N=133* | |
| Да | 66% |
| Не | 23% |
| Не знам | 11% |
| *Дали би сакале во наредните 12 месеци да слушате предавање за предностите на медијацијата во решавањето спор? N=133* | |
| Да | 65% |
| Не | 29% |
| Не знам | 6% |

На последното прашање од целосното истражување кое гласеше: *"Дали лично би се ангажирале повеќе од вашиот досегашен ангажман на работното место за промоција на медијацијата?"*, 35% од испитаниците рекле дека би се ангажирале ако се извршат законски, организациски и управни измени, 32% од испитаниците одговориле дека негативно, а 14% би се ангажирале ако им биде понудена и конкретна медијација.

*Графикон 29. Дали лично би се ангажирале повеќе од вашиот досегашен ангажман на работното место за промоција на медијацијата? N=133*



# 3. ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРИВАТЕН СЕКТОР: РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА ПО ТЕМИ

Микро, малите и средните претпријатија го сочинуваат најголемиот дел од примерокот. Микро претпријатијата сочинуваат половина од примерокот (50,7%). По нив се средни претпријатија (30,0%). Големите претпријатија се со 13,3% застапеност во истражувањето.

Во примерокот најзастапени се компании од Скопски регион (26,0%), Источен (16,0%) и Пелагониски ( 14,7% ). Процентуалниот распоред на сите региони опфатени во истражувањето може да се погледне во Табела 1.

Што се однесува до бројот на вработени во компаниите, најзастапени се фирмите кои имаат до 49 вработени (50,7%), а по нив следуваат фирми кои имаат од 50 до 250 вработени (36,0%) и фирми кои имаат над 250 вработени (13,3%). Најголем дел од фирмите во примерокот постојат на пазарот над 10 години (78,0%), 16,7% од нив се на пазарот од 6 до 10 години и 5,3% од фирмите се од 2 до 5 години постоење.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИВАТЕН СЕКТОР- ПРОФИЛ НА ИСПИТАНИЦИ

*Табела 1.*

| | | |
|---|---|---|
| **Регион:** | Вардарски | 8,7% |
| | Источен | 16,0% |
| | Југозападен | 7,3% |
| | Југоисточен | 9,3% |
| | Пелагонија | 14,7% |
| | Полог | 11,3% |
| | Североисточен | 6,7% |
| | Скопје | 26,0% |
| **Големина на претпријатието** | Микро/мало | 50,7% |
| | Средно | 36,0% |
| | Големо | 13,3% |
| **Број на вработени** | До 49 | 50,7% |
| | Од 50 до 250 | 36,0% |
| | Над 250 | 13,3% |
| **Години на постоење** | До една година | 0,0% |
| | Од 2 – 5 години | 5,3% |
| | Од 6 – 10 години | 16,7% |
| | Над 10 години | 78,0% |
| | Не знам | 0,0% |

| | | |
|---|---|---|
| | Одбива да одговори | 0,0% |

## 1.Вклученост во судска постапка

Првиот сет од прашалникот за приватен сектор има за цел да ни даде одговори за тоа колкав процент на претпријатија биле вклучени во судска постапка за решавање на спорот, со каков вид на спор имале искуство и какви се нивните очекувања за започнување на судска постапка во иднина. Четири од десет испитаници (41%) вработени во приватниот сектор одговориле дека претпријатието во кое што работат учествувало во судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години. Околу половина од нив (49%) одговориле негативно, а 9% не се информирани за ова.

Во однос на големина на претпријатие забележуваме статистички значајни разлики во однос на учество во судска постапка за решавање на спор. Имено според направената анализа големите компании со високи 85% одговориле дека учествувале во судска постапка за решавање на спор, по нив следуваат микро со (48%) и мали (25%).

*Графикон 1. Дали Вашето претпријатие учествувало во судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години? N=150*




На прашањето ,, *Дали вашето претпријатие учествувало во судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години*, дури 82% од испитаниците одговориле дека учествувале во судска постапка за решавање на спор со приватно претпријатие и со физичко лице надвор од претпријатието во 40% од случаите, а 24% одговориле дека учествувале со физичко лице (вработен).

Кај микро/мали, средни и големи компании исто така забележуваме висок процент на испитаниците кои одговориле дека учествувале во судска постапка за решавање на спор со приватно претпријатие – приватен сектор, и мал процент на оние испитани кои учествувале со јавно претпријатие- јавен сектор.

Kingdom of the Netherlands

*Графикон 2. Дали Вашето претпријатие учествувало во судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години? –учество според вид на спор N=62*




Според вид, најзастапени спорови во приватниот сектор се семејните (работните заб.) (67%), осигурителните (50%), трговските (49%) и стопанските (45%).

*Графикон 3. Наведете го степенот во кој вид спор учествувала Вашето претпријатие во последните 3 години (можни се повеќе одговори) N=62*




Во најголем дел од судските постапки каде што една од страните било правно лице од приватниот сектор, истото <u>не добило</u> писмено укажување од судијата дека спорот може да се реши по пат на медијација. – вака одговориле дури 70% испитаници од приватен сектор чиј работодавач учествувал во судска постапка во последните три години.

*Графикон 4. При учество во судска постапка, дали Вашето претпријатие доби писмено укажување од судијата дека спорот може да го решава со посредство на медијатор? N=62*




Во најголем дел од случаите (53%) претпријатието не добило стручен правен совет за користење на медијација како постапка за решавање на спорот наместо судската постапка, додека 24% одговориле дека добиле, а 23% не се информирани. Од испитаниците кои одговориле дека добиле информација за стручен правен совет за употреба на медијација , во 80% од случаите кажале дека тоа било од адвокат, 20% кажале дека тоа било од правник, додека 7% добиле совет од друго лице.

*Графикон 5. Дали Вашето претпријатие доби стручен правен совет за користење на медијација за решавање на спорот наместо судската постапка? N=62*




На прашањето ,,*Според ваше мислење, зошто сметате дека не сте добиле стручен правен совет од страна на адвокат/правник во фирма или од некое друго лице"* повеќе од половина испитаници (55%) не можеле да проценат зошто, а 24% одговориле дека не добиле совет поради тоа што лицето не било мотивирано да учествува во медијација.

*Графикон 6. Според ваше мислење, зошто сметате дека не сте добиле стручен правен совет од страна на адвокат/правник во фирма или од некое друго лице? N=33*




На прашањето “*Со оглед на карактерот на работата и на односите во Вашето претпријатие, дали очекувате во иднина, сметано од денеска да започнете судска постапка?*” одговараат сите испитаници, а според направената анализа на резултати може да забележиме дека 35% од испитаниците одговориле дека не можат да оценат или дека не знаат, 23% кажале дека е невозможно, 27% дека е малку важно, 12% одговориле дека веројатно, а само 3% дека е многу веројатно.

*Графикон 7. Со оглед на карактерот на работата и на односите во Вашето претпријатие, дали очекувате во иднина, сметано од денеска да започнете судска постапка? N=150*




## 2. Информираност за медијација

Преку овој сет на прашалник ги добиваме клучни информации кои се од примарно значење за целите на ова истражување. Имено овој дел од истражувањето треба да покаже во која мера испитаниците се запознаени со медијацијата како начин на решавање на спор. Понатаму треба да обезбеди информации за начини на кои се информирани за медијацијата и степен на информираност на испитаниците за работата на Комората на медијатори и активностите на Владата на Република Северна

Македонија. Направената анализа на првото прашање кое гласи *,,Во колкав степен сте информиран за медијацијата како начин на решавање на спорови",* покажува дека генерално постои **високо ниво на неинформираност за медијацијата** (43% воопшто не сум информиран, 28% многу малку сум информиран), во однос на ниски 26% од испитаниците кои одговориле дека се значително информирани за медијацијата како постапка за решавање на спорови. Само 3% од испитаниците се многу информирани за медијацијата како начин на решавање на спорови. Ова е прашање за елиминација, што значи дека понатаму само ќе ги анализираме резултати добиени од испитаниците кои се многу, значително и малку информирани за медијацијата, а за испитаниците кои одговориле дека воопшто не се информирани за медијација анкетата е прекината.

Во однос на информираност на претпријатие според големината, забележуваме дека повеќе од половина испитаници вработени во големи претпријатие се значително/многу информирани за медијација како начин на решавање спорови од колку микро/мали и средни претпријатија.

*Графикон 8. Во колкав степен сте информиран за медијацијата како начин на решавање спорови? N=150*




Испитаниците кои имаат некакво познавање за медијација, се изјасниле дека тие најчесто се информираат од печатени и електронски медиуми, од едукативни содржини и од адвокат/правник во претпријатието. Канали преку кои испитаниците никогаш не се информираат за медијацијата како постапка се: од синдикат (82%), од вработени во државен орган (74%) и од вработени во правосудство (66%).

*Графикон 9. Од кој од наведените начини се информирате за медијација како постапка? N=85*




Најголем дел од испитаниците одговориле дека не се информирани за работата на Комората на медијатори (35% малку сум информиран, 32% воопшто не сум информиран). Само 5% од испитаниците од приватниот сектор одговориле дека се многу информирани, а 28% значително информирани.

*Графикон 10. Во колкав степен сте информиран за работата на Комората на медијатори? N=85*




Кога станува збор за степенот на информираност за активностите на Владата за промоција на медијацијата, добиените резултати покажуваат дека постои високо ниво на неинформираност, односно повеќе од половина испитаници (51%) одговориле дека не се информирани, додека 21% се малку информирани. Мал процент е на испитаниците кои одговориле дека се информирани за активностите на Влада за промоција на медијацијата (14% значително сум информиран, 7% многу сум информиран).

*Графикон 11. Во колкав степен сте информиран со активностите на Владата за промоција на медијацијата?*




*N=85*

## 3. Карактеристики на медијација

Овој сет на го истражува мислењето на испитаниците за медијацијата нејзините позитивни и негативни карактеристики. Па така да, како најпозитивни страни на медијацијата се сметаат: доброволност на постапката (55%), и неутралната позиција на медијаторот (45%). Она што се истакнува и преовладува во одговорите на испитаниците од приватниот сектор е ставот дека медијацијата нема позитивни страни (50%).

*Графикон 12. Според Вас, кои се позитивни страни на медијацијата што и носат предност во однос на судската постапка? N=85*



Според анализа на прашањето „*Кои се негативните страни на медијацијата*", висок процент со 83% одговориле дека не размислувале во врска со негативните страни на медијацијата, а како негативни страни се истакнати: судирот помеѓу страните кои ескалира премногу, бидејќи не постојат строги правила во постапката (63%), и тоа што медијацијата не е доволно добро законски осмислена.

*Графикон 13. Според Вас, кои се негативни страни на медијацијата? N=85*




Најголем дел од испитаниците сепак сметаат дека медијацијата е корисен механизам или вистинска постапка за решавање спор (49%), додека 32% одговориле дека медијацијата е добар обид на државата без значајни постигнувања досега, мал е процент на испитаници кои одговориле дека медијацијата е недоволно осмислен проект (11% ), и дека медијацијата не може да биде модел за решавање спор (2%).

*Графикон 14. Врз основа на Вашите претходно искажани оцени за медијацијата, кое од следниве мислења или ставови преовладува? N=85*




## 4. Искуство со медијација

Четвртиот дел го испитува искуството на приватниот сектор со постапка на медијација, видот на спор во кој најмногу учествувале, како и степен на задоволство од самото искуство со медијацијата кое го имале. На првото прашање кое гласи *"Дали Вашето претпријатие учествувало во постапка на медијација за решавање на спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години?"* само 20% од испитаниците вработени во приватниот сектор одговориле дека претпријатието учествувале во постапка на медијација за решавање на спор во последните три години. Високи 75% одговориле негативно, а 5% не се информирани по ова прашање.

Според големина на претпријатие, вработени во големи претпријатие најмногу учествувале во постапка на медијација за решавање на спор, а по нив следуваат микро/мали претпријатија.

*Графикон 15. Дали Вашето претпријатие учествувало во постапка на медијација за решавање на спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години? N=85*




На следниот сет од прашања одговараат само испитаници кои на претходното прашање одговориле дека нивното претпријатие учествувало во постапка на медијација. Направената анализа на податоци покажува дека најголем дел од постапките на медијација биле со приватно претпријатие од приватен сектор (77%), а втори по ранг се физички лица надвор од претпријатието (29%). Најмал е процент на испитаници кои одговориле дека имале учество со физичко лице-вработен (88%), со државен орган или институција (82%), и со јавно претпријатие (82%),

*Графикон 16. Дали Вашето претпријатие учествувало во постапка на медијација за решавање на спор со друг правен субјект или физичко лице во последните 3 години?- учество според вид на субјект N=17*



На прашањето: “*Колку правни субјекти и/или физички лица Ве контактирале за да започнете постапка на медијација за конкретен спор во последните 3 години?*”, 77% кажале дека од 1 до 10 правни субјекти или физички лица ги контактирале за да започнат со постапка на медијација, а додека 24% се изјасниле дека не биле контактирани за да започнат постапка на медијација.

*Графикон 17. Колку правни субјекти и/или физички лица Ве контактирале за да започнете постапка на медијација за конкретен спор во последните 3 години? N=17*




Според видот на спор, најзастапени се: работните спорови (80% од случаите) и трговските спорови (58% од случаите). Според анализата на добиените одговори, најмалку застапени спорови во приватниот сектор се: спорови од областа на заштита и животна средина и семејни спорови.

*Графикон 18. Наведете го степен во кој вид спор во постапка на медијацаја учествувало Вашето претпријатието во последните 3 години ? N=17*



Приватниот сектор генерално добро го оценува искуството со медијацијата (35% - одлично, 24% - многу добро и 24% - добро). Како задоволителна и лоша ја оценуваат само 6% од испитаниците. Искуството со медијација најдобро го оценуваат големите претпријатија.

*Графикон 19. Каква е оцената за постапката на медијацијата врз основа на искуството што го имала Вашата/то институција/претпријатие во последните 3 години? N=17*




На прашањето: *"Дали Вашето претпријатие пред да започне судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице се обиде спорот првенствено да го реши со медијацијата?"*, високи 88% од испитаниците рекле дека нивно претпријатие пред да започне со судска постапка, имало обид првично да го реши со постапка на медијација, додека само 12% кажале дека немаат информација за ова прашање.

*Графикон 20. Дали Вашето претпријатие пред да започне судска постапка за решавање спор со друг правен субјект или физичко лице се обиде спорот првенствено да го реши со медијацијата? N=17*




Институциите кои првично се обиделе да го решат спорот преку постапка на медијација, во најголем дел постапката не завршила со потпишување на спогодба поради тоа што медијаторот покажал

нестручност во водењето на постапката (18%), а во 12% од случаите страните медијаторот се откажал од медијацијата бидејќи постапката не била целисходна.

*Графикон 21. Зошто постапката на медијација не заврши со потпишување спогодба? N=17*




## 5. Мислење за одредени законски решенија врзани за медијација

Овој сет на прашања има за цел да го истражи мислењето на испитаниците за одредени законски решенија врзани за медијацијата.  Па така, според анализа на резултатите може да се забележи дека високи 65% од испитаниците одговориле дека претпријатието во кое  аботат при потпишување договори не наведува одредба со која во случај на спор, спорот би се обиделе да го решат со медијација. Само 31% одговориле позитивно, а 5% не се информирани за ова прашање.

*Графикон 21. Дали Вашето претпријатие при потпишување договори наведува одредба со која во случај на спор спорот би се обиделе да го решат со медијација? N=85*




Најголем дел од испитаниците (71%) се запознаени со законското решение дека кога станува збор за стопански спор до еден милион денари, страните пред да поднесат тужба за судска постапка се должни да се обидат спорот да го решат со медијација, додека 26% не се запознаени со ова законско решение.

*Графикон 22. Дали Вашето претпријатие е запознаено со законското решение дека кога станува збор за стопански спор до еден милион денари, страните пред да поднесат тужба за судска постапка се должни да се обидат спорот да го решат со медијација? N=85*




На прашањето: *„Дали Вашата институција во последните 3 години имало случај на задолжителен обид за медијација за стопански спор до еден милион денари?”*, Најголем дел од испитаниците (88%) одговориле негативно, само 8% одговориле потврдно, а 4% не се информирани.

*Графикон 23. Дали Вашето претпријатие во последните 3 години имало случај на задолжителен обид за медијација за стопански спор до еден милион денари? N=85*




Најголем број од испитаниците (72%) сметаат дека треба да постои законско решение за задолжителен обид за медијација пред поведување на судска постапка за работни спорови, а 63% од нив сметаат дека треба да постои законско решение за спорови од мала вредност

*Графикон 24. Дали треба да постои законско решение за задолжителен обид за медијација пред поведување судска постапка? N=85*




Последното прашање од овој сет ги мери ставовите на испитаниците вработени во приватен сектор во поглед на медијацијата. Според направена анализа на ова прашање може да се заклучи дека постои висок процент на одговори на испитаниците (80%), кои се согласуваат со ставот дека е потребна поголема промоција во јавноста за предностите на медијација. Дури 7 од 10 испитаника веруваат во добрите намери на комората на медијатори - медијацијата да биде применлива во пракса во поголем обем во споредба од досегашниот период, а 59% се согласуваат со ставот дека медијацијата е најдоброто решение што може значително да ги намали бројот на предмети во судовите за кратко време, при што може да се заклучи дека генерално испитаниците имаат позитивно мислење за медијацијата. Од друга страна испитаниците најмногу не се согласуваат со следниве ставови: сакам да бидам ангажиран во активности за промоција на медијацијата како волонтер (без надомест) (65%), не сум мотивиран да учествувам во медијации каде што сум вработен затоа што нема надомест (59%), медијацијата е лошо осмислена, не може да биде реализирана и затоа нема да покаже успех во решавање на споровите (55%).

*Табела 2. Во која мера се согласувате со следниве ставови?*

| | Се согласувам | Ниту се согласувам, ниту не се согласувам | Не се согласувам | Не знам/не е апликативно |
|---|---|---|---|---|
| Потребна е поголема промоција во јавноста за предностите на медијацијата | 80% | 11% | 8% | 1% |
| Верувам во добрите намери на комората на медијатори медијацијата да биде применлива во пракса во поголем обем во споредба од досегашниот период | 71% | 18% | 9% | 2% |
| Медијацијата е најдоброто решение што може значително да ги намали бројот на предмети во судовите за кратко време | 59% | 27% | 12% | 2% |
| Моето лично искуство за начинот на примена на медијацијата е позитивно | 58% | 22% | 12% | 8% |
| Потребни се промени во законите што ја регулираат медијацијата за да може да се развива и примени | 45% | 34% | 15% | 6% |
| Не сум убеден дека медијацијата е применлива во праксата кај нас | 22% | 35% | 40% | 2% |
| Лично се ангажирам за медијацијата да успее и да биде многу повеќе присутна кај граѓаните | 22% | 24% | 52% | 2% |
| Ако медијацијата успее во пракса, односно биде прифатена од мнозинството, лично би сакал да бидам медијатор | 19% | 21% | 54% | 6% |
| Во земјите од Западен Балкан сметам не функционира медијацијата, односно спогодување меѓу страните во спор, туку само судот може да донесе правда | 19% | 22% | 19% | 40% |
| Сакам да бидам ангажиран во активности за промоција на медијацијата како | 12% | 18% | 65% | 6% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| волонтер (без надомест) | | | | |
| Не сум мотивиран да учествувам во медијации каде што сум вработен затоа што нема надомест | 11% | 24% | 59% | 7% |
| Медијацијата е лошо осмислена, не може да биде реализирана и затоа нема да покаже успех во решавање на споровите | 9% | 28% | 55% | 7% |
| Медијацијата кај нас ќе биде однапред неуспешен експеримент што ни го наметнуваат западните држави | 9% | 33% | 48% | 9% |

## 5. Препораки за медијација

Последниот дел содржи прашања за подготвеност и препораки на институциите за медијацијата. Мнозинството од испитаниците (62%) одговориле дека се подготвени во наредниот период, ако имаат спор првенствено да го решат со медијација. Околу 15% од нив одговориле дека не се подготвени, а 22% не се сигурни/не знаат.

Најголем дел од вработените во приватниот сектор (58%) би ја препорачале медијацијата како начин за решавање на спор, додека 28% се изјасниле негативно.

Кај половина од испитаниците од приватниот сектор постои интерес за предавање за предностите на медијацијата при решавање на спор, сепак вработените генерално не би сакале да заземат дополнителен ангажман за промоција на медијација.

Вработените во големите претпријатија со високи 82% одговориле дека се подготвени во наредниот период, ако имаат спор првенствено да го решат со медијација, исто така со високи 71% вработените во големи претпријатија би ја препорачале медијацијата како начин на решавање спор со лица од нивната фела, во однос на мали/микро и средни претпријатија.

*Табела 3.*

| *Дали сте подготвени во наредниот период, ако имате спор првенствено да го решавате со медијација? N=133* | |
|---|---|
| Да | 62% |
| Не | 15% |
| Не знам | 22% |
| *Дали би ја препорачале медијацијата како начин на решавање спор на лица од Вашата фела? N=133* | |
| Да | 58% |
| Не | 28% |
| Не знам | 14% |
| *Дали би сакале во наредните 12 месеци да слушате предавање за предностите на медијацијата во решавањето спор? N=133* | |

| | |
|---|---|
| Да | 51% |
| Не | 21% |
| Не знам | 28% |

На последното прашање кое гласи: *“Дали лично би се ангажирале повеќе од вашиот досегашен ангажман на работното место за промоција на медијацијата?”* може да се заклучиме дека речиси кај половина од испитаниците од приватниот сектор постои интерес за предавање за предностите на медијацијата при решавање на спор, додека 34% од вработените генерално не би сакале да заземат дополнителен ангажман за промоција на медијација.

*Графикон 25. Дали лично би се ангажирале повеќе од вашиот досегашен ангажман на работното место за промоција на медијацијата? N=85*

